# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

22.06.2023 година

бр.10 година 58
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестаци

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестаци, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 21.06.2023 година.

Бр.09-1378/1 — Градоначалник
22.06.2023 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) член 36 ст. 1 т.15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 ст.1 т.8 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010,13/2013, 8/2015 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 21.06.2023 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлуката
за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време во угостителските објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации, донесена под

бр.08-1159/9 од 30.05.2023 год. ( Службен Гласник бр. 8/23) така да во членот 1 од Одлуката алинеа прва се менува и гласи:

- Ајде шана мана по Галичица од 07, 08 и 09.07. 2023 година

и по деветта алинеа од истиот член се додава нова ( десетта) алинеа која гласи:

- Meet Prespa (Запознајте ја Преспа) од 23.06. до 25.06.2023 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08 - 1304/4<br>21.06.2023 година<br>Ресен

Претседавач<br>Даринка Мицевска с.р

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К<br>за објавување на Заклучокот по Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на ПС ОН Ресен за 2022 година

Се објавува Заклучокот по Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на ПС ОН Ресен за 2022 год., што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 21.06.2023 година.

Бр.09-1378/2<br>22.06.2023 година<br>Р е с е н

Градоначалник<br>Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 21.06.2023 година, откако го разгледа Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на ПС ОН Ресен за 2022 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на ПС ОН Ресен за 2022 година, заведен под арх.бр.22.22.8.1/1427 од 25.05.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08 - 1304/5
21.06.2023 година
Ресен

Претседавач
Даринка Мицевска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - БИТОЛА
ОВР-РЕСЕН
ПС од ОН – Ресен
Д. бр.22.22.8.1/
14.05.2022 година

Согласно член 25 став 1 од Закон за полиција, ПС од ОН - Ресен го изготвува следниот:

ИЗВЕШТАЈ
За безбедносната состојба на подрачјето
на ПС од ОН Ресен за 2022 година

**Безбедносна процена**

Годишниот извештај за работата на ПС ОН Ресен во текот на 2022 година претставува пресек на севкупните активности реализирани во текот на годината а предвидени со програмата за работа, како и оние активности кои вон програмски се наметнуваа со својата актуелност а се во согласност со Уставот и позитивните законски прописи , а во рамките и координирана соработка со СВР-Битола , каде ОВР- ПС ОН Ресен организационо припаѓа.
Активностите приоритетно беа насочени кон одржување на поволна и стабилна безбедносна состојба, заштита на личната и имотната сигурност на граѓаните , преку преземање на разновидни превентивно –репресивни мерки.
Како приоритет се наметна континуираното постапување и преземање на мерки и активности согласно актуелната пандемија од вирусот КОВИД 19 со тоа што постојано беа следени состојбите, но и се преземаа мерки и активности во согласност со законските мерки со цел заштита и спречување на ширење на вирусот .
Во делот на спречувањето и откривањето на криминалитетот се настојуваше да се остварува континуирана активност на откривање и санкционирање на сторителите, сузбивање и пријавување на криминалитетот од сите видови на структурирана поставеност.

Врз основа на согледувањата околу безбедносната проблематика на општината се цени дека во текот на годината во основа се реализирани задачите предвидени со програмата за работа со континуирано одржување на поволна состојба но и тековно се преземаа и успешно реализираа повеќето активности кои првично не беа испланирани но произлегоа како

последица на тековното работење а се постапуваше координирано во согласност со постоечките закони и прописи.

Од страна на службата , беше постапувано согласно посебен план за работа за преземање на зајакнати мерки и активности на терен во месеците септември и октомври , поради зголемено присуство и фреквенција на луѓе кои на било кој начин беа вклучени во процесот на берба и пакување на јаболка кога на подрачјето има поголема фреквенција на движење на луѓе кои доаѓаат од територија на Р. С. Македонија како и од соседна Албанија а се со цел да се обезбеди имотот како и сигурноста на граѓаните како и да не би дошло до евентуално нарушување на јавниот ред и мир или излегување од контрола на состојбата со ширење на вирусот .
Беше постапувано согласно законските прописи , професионално и ажурно веднаш по пријавување на настанатите пожари , беше постапувано согласно со ОА „ Оган„ беа организирани комбинирани патроли со цел спречување на пожари кои евентуално би настанале како последица на предизвикување на општа опасност, навремено беа вршени увиди на лице место, известуван ЈО од ОЈО Ресен , а за сите преземани мерки и активности беше изготвуван службен материјал.

.

**__Јавниот ред и мир и останати прекршоци__** вкупниот број на прекршоци пријавени во извештајниот период изнесува 23, поднесени се 22 барања и истите согледани од аспект на видот и начинот на извршување , во отсуство на прекршоци на меѓуетничка основа , не претставуваат прекршоци со посериозни последици и поради тоа се цени дека во текот на целата година се одржуваше поволна и стабилна безбедносна состојба во однос на ЈРМ.
Во делот прекршоци по други закони изготвени и доставени се 9 барања по Закон за лична карта и 2 барања по Законот за оружјето.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | | |
|---|---|---|
| **КД за кои гонењето се презема по приватна тужба** | | **2022г.** |
| 1. | Кражба – п.т. | 54 |
| 2. | Оштетување туѓи предмети – п.т. | 39 |
| 3. | Телесна повреда – п.т. | 5 |
| 4. | Загрозување на сигурноста – п.т. | 9 |
| 5. | Затајување – п.т. | 9 |
| 7. | Самовластие-п.т. | 5 |
| 13. | Неовластено снимање | 1 |
| **ПРЕКРШОЦИ** | | |

| Прекршоци против јавниот ред и мир | | 2022г. |
|---|---|---|
| 1. | Нарушен ЈРМ со физички напад | 3 |
| 2. | Нарушен ЈРМ со тепачка | 7 |
| 3. | Омаловажување на полициски службеник, службено лице или државен орган | 5 |
| 4. | Нарушен ЈРМ со оддавање на пијанство | 3 |
| 5. | Питачење | 2 |
| 6. | Лажно претставување | 2 |
| **Други прекршоци** | | **2022г.** |
| 1. | Носење и употреба на оружје на јавно место | 2 |
| 2. | Закон за лична карта | 9 |

## ДРУГИ ПОЈАВИ И НАСТАНИ

| ПОПЛАКИ | | 2022г. |
|---|---|---|
| 1. | Поплаки | 97 |
| 2. | Поплаки - с.н | 17 |
| **Самоубиства и починати лица** | | **2022г.** |
| 1. | Починато лице | 7 |
| 2. | Самоубиство | 2 |
| 3. | Самоубиство во обид | 2 |
| 4. | Починати лица од “Ковид-19“ | 9 |
| **Несреќни случаи** | | **2022г.** |
| 1. | Несреќа при работа | 1 |
| 2. | Самоповредување | 1 |
| 3. | Задесено повредено лице | 7 |
| **Исчезнати, пронајдени, донесени и самоповредени лица** | | **2022г.** |
| 1. | Самопријавено лице | 5 |
| 2. | Исчезнато лице | 1 |
| 3. | Пронајдени деца | 1 |
| **Јавни собири** | | **2022г.** |
| 1. | Одржан најавен јавен собир | 4 |
| **Спортски натпревари** | | **2022г.** |
| 1. | Одигран фудбалски натпревар | 22 |
| 3. | Одигран ракометен натпревар | 28 |
| 5. | Неодигран фудбалски натпревар | 3 |
| 6. | Одигран спортски натпревар-останато | 1 |
| **Културни, верски, спортски и други манифестации** | | **2022г.** |
| 1. | Културна манифестација | 11 |
| 2. | Верска манифестација | 13 |
| 4. | Други манифестации | 3 |
| **Пожар, експлозија** | | **2022г.** |
| 1. | Пожар | 15 |
| 2. | Опожарено ПМВ | 3 |
| **Други појави и настани - останато** | | **2022г.** |
| 1. | Каснато лице од куче | 20 |
| 3. | Направена штета од дивеч | 6 |
| 4. | Укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба | 2 |

## ПРЕВЕНЦИЈА

| Активности од областа на превенцијата | | 2022г. |
|---|---|---|
| 1. | Одржани средби со советодавни групи на граѓани | 4 |
| 8. | Други активности од областа на превенцијата | 141 |
| **ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА** | | |
| **Повикување** | | **2022г.** |
| 1. | Повикани лица | 145 |
| 2. | Повикани деца | 14 |
| **Приведување** | | **2022г.** |
| 1. | Приведени лица по судска наредба | 11 |
| 2. | Приведени лица без судска наредба | 13 |
| 3. | Приведени странски државјани | 15 |
| 5. | Приведени деца без судска наредба | 2 |
| **Задржување** | | **2022г.** |
| 1. | Задржани лица | 13 |
| 2. | Задржани странски државјани | 5 |
| 3. | Преземени претходно задржани лица од други ПС од ОН | 1 |
| **Предупредување** | | **2022г.** |
| 2. | Предупредени лица – учесници во сообраќајот - писмено | 32 |
| 3. | Предупредени лица-писмено | 78 |
| 4. | Предупредени лица-усно | 16 |
| **ИЗГОТВЕНИ БАРАЊА** | | |
| **Изготвени барања за ЈРМ** | | **2022г.** |
| 1. | Изготвени барања по ЗПП ЈРМ за физички лица | 22 |
| 3. | Изготвени барања по ЗПП ЈРМ за правни и одговорни лица | 1 |
| **Изготвени барања за други закони** | | **2022г.** |
| 1. | Закон за оружјето | 2 |
| 4. | Закон за лична карта | 9 |
| 7. | Закон за оружјето за сторен прекршок од дете | 1 |

**Безбедност во Патниот сообраќај** активностите беа насочени кон преземање на мерки за обезбедување на непречен и нормален сообраќај на сите патни правци во општината. Во извештајниот период каде што се забележува и тенденција на намалување на број на сообраќани незгоди, регистрирани се вкупно 28 сообраќајни незгоди или помалку за 31.71%, во однос на предходната година. При сообраќајните незгоди со телесни повреди се здобија 13 лица односно во извештајниот период помалку за 7.14% разлика од 2021 година, а додека загинати лица има 1 во извештајниот период за разлика од 2021 година кога имаше 2 загинати лица.

Вкупниот број на изготвени барања по ЗБСП и ЗВ за извештајниот период изнесува 1551 кои се изготвени и доставени до Комисијата за прекршоци или надлежен Суд. Бројот на издадени платни налози по ЗБСП и по ЗВ изнесува 5686.

Употребен е алкотест во 8217 контроли, а покажале знаци на алкохолизираност 245.

| Орг.Еди. | ПО - БПС - Ресен | 2022 година | | 2021 година | | намалу.-зголем. ±(%) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Сообраќајни незгоди-вкупно** | **28** | | **41** | | **-31,71%** | |
| | а) во населба | 12 | | 22 | | -45,45% | |
| | б) отворен пат | 16 | | 19 | | -15,79% | |
| | - со загинати лица | 1 | | 2 | | -50,00% | |
| | - со ТТП | 8 | | 10 | | -20,00% | |
| | - со ТП | 13 | | 14 | | -7,14% | |
| | - со материјална штета | 6 | | 15 | | -60,00% | |
| 2 | **Вкупно загинати лица** | **1** | | **3** | | **-66,67%** | |
| | - возачи | - | | 2 | | -100,00% | |
| | - патници во возило | 1 | | 1 | | 0,00% | |
| 3 | **Повредени лица (вид на повреда)** | **ТТП** | **ТП** | **ТТП** | **ТП** | **ТТП** | **ТП** |
| | **Вкупно повредени лица** | **9** | **22** | **10** | **28** | **-10,00%** | **-21,43%** |
| | -пешаци | - | 1 | 2 | - | -100,00% | - |
| | -велосипедисти | 1 | - | - | 3 | - | -100,00% |
| | - возач на мопед, мотоцикл, трицикл, четрицикл | 5 | - | 5 | 1 | 0,00% | -100,00% |
| | - возачи | - | 10 | 1 | 12 | -100,00% | -16,67% |
| | - патници во возило | 3 | 11 | 2 | 12 | | |
| 4 | **Причини за сообраќајните незгоди** | **28** | | **41** | | **-31,71%** | |
| | - дејствие | 3 | | 4 | | -25,00% | |
| | - брзо возење | 15 | | 14 | | 7,14% | |
| | - престигнување | 1 | | 3 | | -66,67% | |
| | - првенство на минување | 6 | | 10 | | -40,00% | |
| | - страна на движење | 2 | | 5 | | -60,00% | |
| | - растојание | 1 | | 3 | | -66,67% | |
| | - грешка на пешаци | | | | | -100,00% | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - | 1 | |
| | - состојба на патот/коловозот | - | 1 | -100,00% |
| 5 | -Изготвени Записници за увид | 27 | 40 | -32,50% |
| | -поднесени барања за поведдување на пр.постапка | 8 | 18 | -55,56% |
| 6 | **- вкупно контролирани возачи и возила** | **26.361** | **19.463** | **35,44%** |
| | - исправни | 20.098 | 14.860 | 35,25% |
| | - неисправни | 6.263 | 4.603 | 36,06% |
| 7 | **Вкупно преземени мерки** | **5.041** | **3.630** | **38,87%** |
| | **Вкупно исклучени возила** | **189** | **114** | **65,79%** |
| | - технички неисправни возила | 66 | 36 | 83,33% |
| | - необновена регистрација до 30дена | 38 | 18 | 111,11% |
| | - необновена регистрација над 30дена | 36 | 40 | -10,00% |
| | - нерегистрирани | 25 | 13 | 92,31% |
| | - затемнети стакла (фолии) | 15 | 5 | 200,00% |
| | - несреден товар | 3 | 1 | 200,00% |
| | - претовар | 6 | 1 | 500,00% |
| | **Вкупно исклучени возачи** | **763** | **533** | **43,15%** |
| | - управување под дејство на алкохол | 245 | 219 | 11,87% |
| | - управување без возачка дозвола | 367 | 215 | 70,70% |
| | - управување со несоодветна категорија | 13 | 13 | 0,00% |
| | - управување за време на впишана забрана за управување | 46 | 20 | 130,00% |
| | - возач почетник | 90 | 62 | 45,16% |
| | - останати возачи | 2 | 4 | -50,00% |
| | **Превземени мерки по потешки прекршоци** | **4.089** | **2.983** | **37,08%** |
| | - управување со брзина поголема од пропишаната (брзо возење) | 3.772 | 2.752 | 37,06% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -возач без помагалата наведени во возачката дозвола | 2 | - | - |
| | -возач кој не носи или одбива да носи заштитен шлем | 21 | 16 | 31,25% |
| | -непрписно престигнување | 237 | 195 | 21,54% |
| | -недеавање на првенство на минување | 30 | 19 | 57,89% |
| | -недеавање на првенство на пешаци | 26 | 1 | 2500,00% |
| | -црвено светло на семафор | 1 | - | - |
| 8 | Извршени алкотестирања со алкомер | 8.217 | 5.364 | 53,19% |
| 9 | Земено крв и урина за анализа | 5 | 25 | -80,00% |
| 10 | Времено одземени возачки дозволи под дејство на алкохол | 203 | 181 | 12,15% |
| 11 | Одземени возачки дозволи по донесено Решение од суд | 192 | 49 | 291,84% |
| 12 | Повикани лица на сообраќајна поука | 9 | - | - |
| 13 | Изречени писмено опомени | 559 | 656 | -14,79% |
| 14 | Поднесени барања по ЗБСП до Суд | 969 | 780 | 24,23% |
| 15 | Поднесени барања по ЗБСП до комисија | 449 | 349 | 28,65% |
| 16 | Поднесени барања по ЗВ до комисија | 107 | 77 | 38,96% |
| 17 | Поднесени барања по ЗБСП за правни и одговорни лица до надлежен Суд | 26 | 15 | 73,33% |
| 18 | Поднесени барања до комисија по ЗВ за правни и одговорни лица | 11 | 9 | 22,22% |
| 19 | **Одземени возила согласно член 344 од ЗБСП** | **14** | **14** | **0,00%** |
| | поради измината важност повеќе од шест месеци | 14 | 14 | 0,00% |
| 20 | **Вкупно издадени прекршочни платни налози за констатиран сообраќаен прекршок по ЗБСП и ЗВ** | **5.686** | **3.937** | **44,42%** |
| | **Издадени прекршочни платни налози по ЗБСП** | **5.472** | **3.802** | **43,92%** |
| | - домашни лица | 4.869 | 3.529 | 37,97% |
| | - странски лица | 603 | 273 | 120,88% |
| | **Наплатени прекршочни платни налози по ЗБСП** | **4.321** | **3.015** | **43,32%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - домашни лица | 3.722 | 2.747 | 35,49% |
| | - странски лица | 599 | 271 | 121,03% |
| | **Издадени прекршочни платни налози по ЗВ** | **214** | **135** | **58,52%** |
| | - домашни лица | 212 | 135 | 57,04% |
| | - странски лица | 2 | - | - |
| | **Наплатени прекршочни платни налози по ЗВ** | **75** | **75** | **0,00%** |
| | - домашни лица | 68 | 75 | -9,33% |
| | - странски лица | 2 | - | - |

**<u>Превентивна активност</u>**

Како и во изминатите години, основната цел на превентивното работење во текот на 2022 година беше насочено кон граѓаните, со интензивирање на активности за создавање на подобра комуникација, развивање на партнерство и размена на информации.

Тековно се работеше согласно принципот „Соработка на полицијата со заедницата". При тоа беа реализирани тековните проекти на МВР, кои се однесуваа на овој принцип на работа. Посебно се иницираа активности по проектот „**Полицијата и граѓаните - заедно",** кој проект МВР го реализира преку СВР.

Исто така во текот на 2022 година реализирани се активности од областа на сообраќајот и тоа: „ Да ги заштитиме децата во сообраќајот „ , „ Недела на Безбедност " , „ Паркирај совесно-паркирај одговорно ", " За безбедно Лето " , „ „ Патувајте безбедно во зима ", „ Прославете ги новогодишните празници безбедно ", „ Користи сигурносен појас за твоја безбедност ", а дел од активностие беа рализирани во соработка со РСБСП на РСМ.

Зам.Командир на ПС од ОН Ресен
Агрон Кранлиевски

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување на член на Управен одбор на ЈЗУ“Здравстен дом“ Ресен

Се објавува Решението за разрешување на член на Управен одбор на ЈЗУ“Здравстен дом“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 21.06.2023 година.

Бр.09-1378/3 Градоначалник
22.06.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 102 ст. 2 алинеа 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 , 178/21, 150/22 и 236/22) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 21.06.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување на член на Управниот одбор на
ЈЗУ “Здравствен дом“ Ресен

1. Се разрешува членот на Управниот одбор на ЈЗУ “Здравствен дом“ Ресен:
   - Александар Шуковски, по негово барање

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08 - 1304/6 Претседавач
21.06.2023 година Даринка Мицевска с.р
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот по Разгледување на барањето од Претседателот на Совет на Општина Ресен за онлајн присуство и водење на седница на Совет на Општина Ресен

Се објавува Заклучокот по Разгледување на барањето од Претседателот на Совет на Општина Ресен за онлајн присуство и водење на седница на Совет на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 21.06.2023 година.

Бр.09-1378/4 Градоначалник
22.06.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 21.06.2023 година, откако го разгледа Барањето од Претседателот на Совет на Општина Ресен за онлајн присуство и водење на седница на Совет на Општина Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. По писменото барањето на Претседателот на Советот, Ирена Стрезовска Кукуловска, Советот одлучи да и овозможи онлајн присуство и водење на седниците на Советот на Општина Ресен, заради тоа што од оправдани причини односно презизвиканата состојба во која се наоѓа - тешката телесна повреда не е во можност да се движи и физички да присуствува на истите и тоа се додека трае ваквата нејзина состојба.

2. Се Задолжува администрацијата на Општина Ресен, за наредната седница да изготви Одлука за следење онлајн седница и за други советнници, по нивно барање, кои откако го примиле материјалот за истата, 3 (три) дена пред одржувањето на седницата, да го известат Претседателот на Советот за негова потреба за онлајн присуство заради оправдани причини кои ќе му се предизвикани како физички нарушавања на здравјето или друг вид на заразни болести, тешки телесни повреди и со тоа неможноста за движење.

3. Се задолжува администрацијата на Општина Ресен да ја обезбеди потребната техничка подршка и условите за онлајн следење и приклучување во седниците на Совет на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08 - 1304/7
21.06.2023 година
Ресен

Претседавач
Даринка Мицевска с.р

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестаци..................................стр.1

2. Заклучок по Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на ПС ОН Ресен за 2022 год...........................................................................стр.4

3. Решение за разрешување на член на Управен одбор на ЈЗУ“Здравстен дом“ Ресен..................................................................................стр.12

4. Заклучок по Барањето од Претседателот на Совет на Општина Ресен за онлајн присуство и водење на седница на Совет на Општина Ресен..........................................................................................стр.13

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**